За организирање на Јавна расправа по Одлука за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на Општина Неготино во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)

Се повикуваат сите заинтересирани граѓани и други заинтересирани субјекти, како и претставниците на јавните претпријатија, во Општина Неготино да се вклучат во јавна расправа со свои ставови и мислења за Одлука за намера за реализација на проекти по пат на долгорочно домашно задолжување на општина Неготино во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) за реконструкција на ул„Вељко Влаховиќ", ул. „Енгелсова" ул. „Пиринска" ул. „Првомајска" ул. „Тиквешка" ул. „Вардарска" ул. „Ѓоко Мишев" ул. „Вано Ташев" и дел од ул. „Марксова" Усната јавна расправа ќе се одржи на ден 29 декември 2020 година со почеток во 10.00 часот во Дом на култура „Ацо Ѓорчев" Неготино.

Поради протоколите за заштита од КОВИД 19, се задолжуваат сите присутни лица задолжително да носат заштитна маска, да оддржуваат социјална дистанца од 2 метри и да вршат честа дезинфекција на раце, за време на оддржување на јавната расправа.

Капацитетот на посетителите е ограничен согласно просторните услови, како и протоколите и мерките за спречување на внесување и ширење на коронавирусот COVID-19.